ЈУОДГ „ОРЦЕ НИКОЛОВ“
Карпош, Скопје

# Детето во светот на звуците

Музиката позитивно влијае на целокупниот развој на детето, накогнитивниот, социо-емоционалниот, физичкиот развој и.т.н. Изложувањето на децата на музика за време на предучилишниот развој им помага да ги научат звуците, но и значењата на зборовите.

Од голема важност е заедно со детето преку различни достапни ресурси да се изразат креативните идеи и чувства, да се запознаат со различни музички инструменти и преку нив да навлезат во светот на звуците.



## Маракас тропалки и тапани изработени од хартиени плочи

Маракас-тропалки се едни од најстари ритмички инструменти. Најчесто се користат во пар, едноставни се за употреба, се со различна форма (топчести, цилиндрични, крушкасти, правоаголни) и се исполнети со зрнести материјали или производи (ориз, грав, пченка и.т.н). Со тресење се добива изедначен звук – тремоло, кое се користи за подолги траења, ритмички завршетоци на песни, но исто така со енергично ритмично движење на рацете може да се добие исполнет звук.



## Како да направите сами маракас тропалки и тапан?

Маракас тропалките може да ги направетеод цевка од тоалетна хартија која е затворена од двете страни со фолија или поцврста хартија прицврстена со гумени ленти околу краевите на цевката.

Тропалките може да ги наполнете  со семиња,камчиња,тапи и сл. Децата имаат можност да ја искажат нивната слобода и креативност преку музичкото изразување.





Тапанот може да се направи со спојување со самолеплива лента на две хартиени чинии исполнети со иста содржина кои исто така можат да се тресат или да се удираат со моливи,боички или дрвени стапчиња.И двата инструмента може да се користат во активности во кои сите деца седат во круг и имаат можност да коментираат и да дознаат кои звуци се добиваат со тресење на тропалките или удирање на тапаните со различна брзина(брза,умерена или бавна).







Децата може да го следат ритамот на музиката која ја слушаат или повторуваат звук произведен од тресење на тропалка или тапан што го слушаат.

Заедно со детето, уживајте во звуците на музиката!


Подготвил:

Томи Диндев

Музички педагог